РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3053/11
23.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 17.07.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Луција Ѓурковиќ, м-р Ивона Муфишева, м-р Владимир Ѓорѓиески, м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Иле Петревски – новинар од 24 Вести.

Г-дин Петрушевски ја отвори 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.07.2024 година.
2. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, за прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
6. Нацрт-правилник за измена и дополнување на Правилникот за спонзорство.

7. Нацрт-правилник за измена и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица.
8. Нацрт- водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание.
9. Нацрт-правилник за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.
10. Предлог за изработка на Студија за оправданоста за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс.
11. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга - Одржување на кафемати за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
12. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца за Firewall.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар. Објасни дека на овој радиодифузер доставена му е фактура за годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, но во законски предвидениот рок од 30 дена не го плати надоместокот. Од таа причина се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски објасни дека ова е стандардна процедура и согласно Законот Советот е должен да започне постапка доколку било кој медиум навремено не го уплати годишниот надоместок за дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2024-100-0151 од 10.06.2024 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО

ДООЕЛ Гостивар, Уп1 бр.08-437 од 15.08.2016 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече навремено да се информира медиумот за крајниот рок за плаќање на надоместокот за да не се случи да ја загуби дозволата или да оди во судски постапки и да има дополнителни трошоци.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, за прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми. Објасни дека согласно член 15 став 5 од ЗААВМУ, радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен Извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на Извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа. Овој радиодифузер во утврдениот рок не достави писмен извештај, и затоа се предлага да се изрече мерка јавна опомена. Наведе дека доколку по контролниот надзор се констатира дека не ги исполнил обврските, следи одземање на дозволата за радио емитување.

Г-дин Петрушевски рече дека ова прекршување радиодифузерот треба сериозно да го сфати и во таа насока рече по гласањето на Советот, службата да го контактира и да му укаже за последиците доколку не ги исполни обврските од Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2754/1 од 13.06.2024 година и едногласно заклучи на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, затоа што во законски предвидениот рок (31 март 2024 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, особено за спроведувањето на програмскиот концепт, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува програмскиот сервис во државата или надвор од неа.

Во согласност со точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

## Точки 4 и 5

Г-дин Петрушевски предложи точките 4 и 5 да се образложат со заеднички вовед и дискусија бидејќи станува збор за ист медиум кај кого се констатирани две прекршувања на ЗААВМУ, а гласањето да биде за секоја точка посебно.

Г-дин Трајчевски објасни дека радиодифузерот ја известил Агенцијата по електронска пошта дека сака да ја врати дозволата за телевизиско емитување и побара информации до каде се движи постапката за враќање на дозволата од раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска.

Раководителката Љубевска објасни дека по Известувањето што го доставил по меил дека сака да ја врати дозволата, досега нема доставено никаква друга документација, како на пример Изјавите што се предвидени со Закон. Објасни дека во наредниот период службата ќе контактира со радиодифузерот и ќе му укаже што треба да достави како документација доколку сака да се спроведе постапката за враќање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека во овој момент ТВ ГУРРА од Кичево поседува валидна дозвола и правно треба Советот да гласа по констатираните прекршувања.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, за прекршување на член 51 став 1 и член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека двете прекршувања се констатирани со контролен надзор направен во месец мај оваа година. Наведе дека првото прекршување се однесува на обврската еднаш во текот на денот на телоп да објави податоци што треба постојано да бидат достапни на корисниците. Во врска со второто прекршување објасни дека радиодифузерот не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Оттаму за радиодифузерот се предлага изрекување на две мерки јавна опомена со рок на усогласување за двете прекршувања од 20 дена а потоа доколку не ја врати дозволата да се направи контролен надзор за да се провери дали се усогласил со законските обврски.

Г-дин Петрушевски ја праша раководителката Јаневска дали овој рок за усогласување со Законот од 20 дена може да се зголеми во полза на радиодифузерот?

Раководителката Јаневска објасни дека не е можно бидејќи роковите се утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка што Советот го има донесено, и за ова прекршување е 20 дена.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-2676/1 од 10.06.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 28 мај 2024 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-2679/1 од 10.06.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 28 мај 2024, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката Јаневска објасни дека со измените на ЗААВМУ од јули минатата година, беше изменета дефиницијата за спонзорство и беше изменета одредбата од член 54 која се однесува на правилата за спонзорство. Во членот 54 беше додадена забрана за спонзорство на програми од физички и правни лица кои се занимаваат со продажба, производство на електронски цигари и средства за нивно

надополнување. Од овие причини се направени измени во Правилникот за спонзорство и оттаму со предложените решенија во Нацрт-правилникот се имплементираат законските измени. Дополнително предложено е кратење на некои делови од Правилникот. Во постојниот правилник има посебни одредби за идентификација на спонзорите за телевизија, радио и видео по барање, меѓутоа бидејќи не се разликуваат од обврските за сите медиуми во поглед на спонзорството, во оваа нацрт верзија утврдени се генерални правила за начинот на идентификација на спонзорите кои што ќе важат за сите медиуми. Се предлага Советот да го усвои Нацрт-правилникот со текст како што е подготвен, потоа да се објави на веб страницата на Агенцијата и да се отвори јавна расправа во траење од 45 дена.

Г-дин Петрушевски посочи дека на седницата од точка 6 до точка 9 предложени се четири нацрти кои ќе бидат објавени на веб страницата на Агенцијата и јавноста ќе има можност да ги изрази своите мислења, гледишта и ставови. Исто така објасни дека и Советот може да даде свое видување за нацртите додека трае јавната расправа и се што е разумно ќе се вгради во конечните верзии.

Г-дин Ајдини рече дека го разгледал Нацрт-правилникот. Тој е изменет и дополнет заради измените на ЗААВМУ а со тоа и дефиницијата за спонзорство, член 54, потоа забраните за спонзорства, јасно се наведени и можностите за спонзорирање. Се изјасни дека во оваа фаза нема предлози и забелешки и го прифаќа нацрт-правилникот како што е предложен

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-правилникот за измена и дополнување на Правилникот за спонзорство, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-правилник за измена и дополнување на Правилникот за спонзорство да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 45 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Горенаведениот Нацрт-правилник да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 7**

Раководителката Јаневска го образложи Нацрт-правилникот за измена и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека со истите законски измени од минатата година имаше мала промена во членот 50 кој се однесува на правилата за заштита на малолетници а дополнително беше додаден и нов член кој што е поврзан со правилата за заштита на личните податоци на малолетните лица. Оттаму потребно е да се направат соодветни измени и во Правилникот за заштита на малолетните лица. Со предложените решенија во Нацрт-правилникот практично се имплементираат законските измени, меѓутоа дополнително врз основа на практичната примена на постојниот правилник предложени се и неколку дополнувања кои се покажале како потребни во сегашната примена. Дополнувањата се поврзани со објаснување на поимите порнографија, детска порнографија и еротика, потоа определување на правила за емисиите со совети за посебни игри на среќа и за аудиовизуелните комерцијални комуникации за посебни игри на среќа, за содржините

кои припаѓаат на форматот реалистична програма, за програмите што прикажуваат практики на окултизам и за содржините во кои се прикажуваат постапки за хипнотизирање. И за овој нацрт правилник се предлага да се усвои во формата како што е предложен, потоа да се објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 45 дена и да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-правилникот за измена и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-правилник за измена и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 45 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Горенаведениот Нацрт-правилник да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 8**

Раководителката Јаневска го образложи Нацрт- водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание. Објасни дека претходните два нацрт документи беа изработени од стручната служба на Агенцијата. Второто дополнето издание на Водичот за мониторинг на говорот на омраза е изработено во рамките на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на АВМУ и на јавниот радиодифузен сервис“ финансиран од ЕУ во соработка со стручната служба и тројца експерти од Германија. Потребата за изменување и дополнување на Водичот произлезе од легислативните промени во европската регулатива и во ЗААВМУ. Во европската регулатива имаше измени во Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година, а беше донесена и нова препорака за справување со говорот за омраза од Советот на Европа, додека имплементација на одредби од изменетата директива имаше и во ЗААВМУ во членот 48, а додадени се и одредби кои што се однесуваат на новите субјекти кои што ќе бидат сега под наша јурисдикција, платформите за споделување видеа. Од овие причини имаше потреба да се дополни и ажурира Водичот за мониторинг на говорот на омраза. Измените главно се поврзани со легислативните промени, додаден е нов текст за говорот на омраза преку интернет, а Водичот е дополнет со нови релевантни случаи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Се предлага Советот да го усвои Нацрт-водичот кој потоа ќе се објави на веб страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 45 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови и да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

Г-дин Ајдини рече дека го разгледал Нацрт-водичот за мониторинг на говорот на омраза - второ дополнето и изменето издание. Со оглед на важноста и сложеноста на оваа тема, недостатокот на информации и студиите од оваа област во нашата држава како и важноста за правилното информирање за влијанијата кои произлегуваат од употребата на говор на омраза во линеарните и не линеарните медиуми, смета дека од

страна на странските експерти и вработените во Секторот за програмски работи во Агенцијата е направен добар документ. Во него се дадени објаснувања и клучни терминологии и општи влијанија, се анализирани последиците од употребата и поттикнувањето на говор на омраза во многу други земји. Во него се дадени препораки и упатства. Смета дека е направен доста добар документ и ќе даде поддршка.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка за овој документ и верува дека ќе побуди интерес кај јавноста особено кај чинителите кои се вклучени активно во оваа сфера. Верува дека ќе има и конкретни сугестии и предлози како би можело да се подобри некој детаљ иако првично погледнато од негова страна одлично е подготвен. Потенцира дека во последните неколку години практично говорот на омраза е преселен на интернет, дали преку социјални мрежи најчесто, дали преку разни форуми, помалку на самите интернет медиуми. Очекува дека сите чинители ќе се вклучат и очекува да се извојува континуирана битка која ќе биде позитивно разрешена. Верува дека за 45 дена ќе има интерес за јавна расправа.

Раководителката Јаневска дополни дека во заклучоците и препораките што се на крајот од документот има две интересни препораки од германските експерти. Тоа се двете последни препораки. Тие предлагаат да се преиспита дали статусот на Република Северна Македонија како земја кандидат за ЕУ може да ја спречи Македонија да го прошири опсегот на Законот во смисла да се наметнат правила за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги што доаѓаат од трети земји, надвор од ЕУ, на пример од САД, од Русија, бидејќи велат дека ограничувањата од принципот на земја на потекло од Директивата за електронска трговија не се применуваат за нив. И другото исто така е, повторно ќе треба со надлежното министерство да се разговараат за овие работи во контекст на новиот закон за дигитални услуги на ЕУ. Кога ќе се имплементира новиот Закон за дигитални услуги во Македонија исто така велат да се преиспита дали може да се зголемат надлежностите на Агенцијата во смисла на регулација на онлајн медиумите, затоа што со последните измени на Законот Агенцијата има надлежности во однос на платформите на споделување видеа, меѓутоа нема за онлајн медиумите каде што исто така има случаи на говор на омраза. Предлагаат да се прошири опсегот на примена и надвор од ова што во моментов е регулирано во Законот.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-водичот за мониторинг на говорот на омраза - второ дополнето и изменето издание, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт- водич за мониторинг на говорот на омраза - второ дополнето и изменето издание да го објави на веб страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 45 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Горенаведениот Нацрт-водичот да се достави до радиодифузерите и до давателите на услуги видео по барање.

**Точка 9**

Раководителот на Одделението за заштита на авторски права м-р Владимир Ѓорѓиески го образложи Нацрт-правилникот за физичките лица даватели на

аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Објасни дека овој Нацрт-правилник произлезе од работата на Секторот за стратешко планирање, и е новитет кој произлезе од Законот со измените од 2023 година, кои беа во насока на усогласување со последната Директива од 2018 година. Со измените на Директивата и со измените на Законот се даде една нова обврска на регулаторите, а тоа е надзор, контрола и мониторингот на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање физички лица по познати како инфлуенсери. Ова е една нова специфична регулатива на која што Секторот работеше заедно со германските експерти во рамките на Твининг проектот за зајакнување на капацитетот на Агенцијата и јавниот радиодифузен сервис. Рече дека подготовката на овој документ била прилично тешка, се обиделе да анализираат поголема европска регулатива за да се прифати најдобра пракса. Треба да се има предвид дека станува збор за прилично нова регулатива и во ЕУ. Имале дилема кој принцип да се прифати на регулација и од таа причина се разгледувале германскиот, холандскиот и литванскиот модел. На крај се создаде една целосно нова регулатива која е прилагодена на нашите услови, односно на инфлуенсерите кои функционираат во нашата држава. Креиран е предложениот Нацрт-правилник во кој точно се дефинираат критериумите и како едно физичко лице, инфлуенсер ќе се карактеризира или ќе има обврска да се регистрира во регистарот што ќе го води Агенцијата. Поради специфичноста на оваа регулатива, покрај Правилникот, креирани се заедно со експертите и насоки со кои ќе им се олесни начинот самите да дефинираат дали имаат потреба да се регистрираат во Агенцијата или не. Исто така креирано е и „Дрво за одлуки" кое се планира да се објави на веб страната на Агенцијата каде што самите инфлуенсери односно даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање физички лица, кои преку кликање ќе можат лесно и едноставно да утврдат дали имаат обврска да се регистрираат во АВМУ. На крајот потенцира дека Македонија е прва земја во регионот која ќе донесе ваква регулатива. Во таа насока се предлага Советот да го усвои овој Нацрт-правилник со текст како што е предложен, да отвори јавна расправа во траење од 60 дена, да се објави на веб страницата на Агенцијата и да се достави до сите засегнати страни со цел да се добијат квалитетни мислења и предлози.

Г-дин Петрушевски рече дека документот е одлично подготвен, се гледа од материјалите и од образложението.

Г-дин Фиданоски рече точно е дека оваа тема предизвикува вистинска дебата. И во Европа имаат одредени дилеми по прашањето како да се регулираат инфлуенсерите. Упати честитки за информацијата дека нашата држава ќе биде прва во регионот што ќе воведе ваква регулатива. Верува дека ќе се опфатат сите кои што имаат влијание преку социјалните мрежи или онлајн врз јавноста а потпаѓаат под категоријата на инфлуенсери. Во таа насока постави прашање, врз база на какви споредби, профили на инфлуенсери, на посебни групи на кои што тие имаат влијание е дефинирана долната граница за најмалку 30 илјади следбеници, за да влезат во категоријата инфлуенсери, дали со оваа бројка ќе бидат опфатени вистинските инфлуенсери во Македонија на овој начин?

Раководителот Ѓорѓиески објасни дека долната граница од 30 илјади ја поставиле како некоја граница, бидејќи кога дискутирале за прагот, навистина не можеле точно да одредат кој е тој праг за кој што може и Агенцијата да одговори максимално во смисла на мониторинг и надзор над тие инфлуенсери. За таа цел се очекува со јавната расправа да се испровоцира дискусија на таа тема помеѓу самите

даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, па во текот на добиените мислења, ставови, предлози да се утврди дали тој праг е коректен или ќе треба да се менува. Секако треба да се има предвид и капацитетот на Агенцијата и дали со понизок праг и поголем број на даватели може Агенцијата во овој период да постигне квалитетен надзор над овие субјекти.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека не постои некоја математичка формула со која се утврдува бројот на следбеници на овие мрежи за да може да се квалификуваат како субјекти на надзор. Кога биле во службена посета кај холандскиот регулатор кој што активно работи на ова прашање, кај нив прагот на следбеници е многу повисок некаде околу 500 илјади. Првото прашање било како го утврдиле критериумот односно прагот за бројката, одговориле дека од некаде мора да се почне. Оваа бројка од 30 илјади ќе се види во текот на јавната расправа дали треба да се помести или не.

Г-дин Фиданоски рече дека е задоволен од одговорот и дека очекува од јавната расправа да произлезе некоја бројка од самите инфлуенсери која ќе биде адекватна за мониторинг. Секако не е поентата да се опфати што поголем број на инфлуенсери, ако не се баш инфлуенсери и Агенцијата да не може да спроведе надзор. Даде предлог, бидејќи крајниот рок на јавната расправа се поклопува со првата половина на септември, 60 дена, а годишните одмори сѐ уште траат, предложи рокот да се зголеми за уште 15 дена, односно да биде 75 дена, доколку се согласува Советот.

Г-дин Петрушевски побара прво да се изјасни директорот и Службата дали го прифаќаат предлогот од г-дин Фиданоски.

Г-дин Трајчевски рече дека за него е прифатливо рокот за јавната расправа од 60 дена како што е предложено да се зголеми на 75 дена.

Г-дин Петрушевски рече дека и за него е прифатливо.

Г-дин Трајчев рече дека предложениот правилник ќе стане многу актуелен во јавноста во наредниот период. Претпоставува дека ќе се добијат голем број на предлози, дискусии, дебати затоа што е новина кај нас. Ова всушност е нова работа и кај многу други држави, полека се регулираат работите кои што стануваат нормален дел од секојдневното живеење. Агенцијата според него покрај тоа што ова го дава како нацрт и ќе ги согледа сите предлози што ќе пристигнат во периодот на јавната расправа, треба исто така и добро да се подготви затоа што и по донесување на овој правилник, ќе има многу нејасни работи за голем број на луѓе кои што ќе треба или не да се регистрираат. Можеби ќе треба да се отвори една служба за техничка помош која што ќе им асистира на луѓето, затоа што кога се чита правилникот можно е да се појават дилеми кај многу луѓе, се доаѓа до различни ситуации, различни состојби каде што нема да знаат како да постапат, и ако Агенцијата не биде спремна односно службата да даде една помош во таа насока, ќе се појави едно незадоволство, можно е да произлезат шпекулативни информации. Смета дека Агенцијата треба добро да се подготви уште сега за таа работа за да во периодот кога ќе се донесе овој правилник, да може да им се помогне на сите граѓани кои што ќе имаат потреба од адекватна помош.

Советот на Агенцијата со вграден предлог на г-дин Фиданоски, едногласно го усвои Нацрт-правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-правилник за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со цел да се обезбеди јавна расправа во траење од 75 дена за да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Горенаведениот Нацрт-правилник да се достави до давателите на аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изработка на Студија за оправданоста за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување, на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс. Објасни дека согласно пресудата на Вишиот Управен суд, се предлага Советот да донесе Заклучок да се изработи наведената Студија, во рок од 60 дена од донесувањето на Заклучокот. Наведе дека Студијата ќе ја изработи Агенцијата со сопствени капацитети.

Г-дин Петрушевски рече дека ги прочитал материјалите. Според него Одлуката на судот е сосема јасна и треба да се спроведе. Во Одлуката на судот се налага конкретно Агенцијата да ја изврши анализата, а не како што претходниот пат се правеше да се ангажира надворешна фирма. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот. Смета дека Советот нема избор, едноставно треба да се спроведе судската одлука.

Г-дин Трајчев рече дека не сака да ја коментира судската одлука, Советот е должен да ја спроведе, тука нема ништо спорно, како што решил Вишиот Управен суд така треба да се постапи и ќе даде поддршка. Рече дека има техничка забелешка околу самиот предлог, односно на почетокот во предлогот до Советот е ставена Агенцијата, а во предлогот каде што треба да се донесат заклучоците од страна на Советот се вели „да донесе Заклучок со кој ќе го задолжи Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изработи Студија..“ Според него и тука треба да стои Агенцијата а не Сектор, затоа што Советот не може да задолжи Сектор од Службата. Тука треба да биде АВМУ, а понатаму директорот на Агенцијата ќе ја организира работата за изработка на Студија, можеби ќе го задолжи Секторот, можеби ќе има потреба од други сектори, можеби треба да се направат дополнителни технички подготовки за тоа, затоа што веројатно се работи за сложена операција. Од таа причина смета дека во Заклучоците што треба да ги донесе Советот, треба да биде ставена Агенцијата, а не Сектор. Постави прашање дали предложените 60 дена за изработка на Студија ќе и бидат доволни на Агенцијата, иако тајмингот е три месеци, за да не излезе тајмингот пречка за квалитетно изработување на Студијата?

Г-дин Трајчевски во врска со предлогот во заклучоците што треба да ги донесе Советот, дека треба да биде ставена Агенцијата, а не Сектор, за него е прифатлив. Објасни дека 90 дена е рок на Советот да донесе одлука од денот кога ќе се започне постапката, во овој случај по службена должност, по одлука на друг државен орган. Наведе дека предложените 60 дена се сосема доволни затоа што пред многу кратко време се изработи Анализата на пазарот за 2023 година, а податоците од анализата се неопходни за да може да се изработи оваа Студија.

Г-дин Петрушевски објасни дека последните 30 дена ќе останат за да Советот свика седница и да донесе конечна одлука околу целиот овој случај.

Советот на Агенцијата со прифатен предлог од г-дин Трајчев, едногласно донесе Заклучок, Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да изработи Студија која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, особено од аспект на исполнувањето на целта на ЗАВМУ, како и од аспект на потребата на публиката, во рок од 60 дена од денот на донесување на овој Заклучок на Советот.

**Точки 11 и 12**

Советот по предлог на директорот на Агенцијата ги одложи Точката 11 - „Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга - Одржување на кафемати за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки и Точка 12 - „Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Лиценца за Firewall, за продолжението на 29-та седница.

**Точка 13**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**